**ВЛАДА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Претседател*

Бр: 09-1105/1
*Скопје, 8 јули 2016 година*

Почитуван г. Орав,

Дозволете ми во име на Владата и во мое лично име да се заблагодарам за придонесот на Европската комисија во успешната организација на средбата во врска со Иницијативата за интеграција на Ромите 2020.

Би сакал да Ве известам дека Владата на Република Македонија го определи министерот без ресор во Владата, г. Неждет Мустафа, за национална контакт точка за Ромите. Долгогодишното искуство на г. Мустафа за прашањата поврзани со интеграцијата на Ромите во општеството, особено неговиот придонес во успешната реализација на Декадата на Ромите, ми дава за право да верувам дека г. Мустафа активно ќе учествува во работна група за Иницијативата за интеграција на Ромите 2020 и дека ќе го даде својот максимум во имплементација на Иницијативата. Фактот што г. Мустафа е долгогодишен член на Владата на Република Македонија дава дополнителна тежина во самото функционирање на работната група и гарантира поголема усогласеност на владините мерки и политики во однос на прашањето на инклузија на Ромите.

Со желба за натамошна успешна соработка, примете ги изразите на моето високо почитување.

**Емил ДИМИТРИЕВ**

**Н.Е. г. Аиво ОРАВ**

**Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија**

**GOVERNMENT OF**
**THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

*Prime Minister*

41

*Courtesy translation*

*Skopje, 8 July 2016*

Distinguished Mr. Orav,

Allow me, on behalf of the Government and in my personal name, to extend my gratitude for the contribution which the European Commission provided in the successful organization of the meeting regarding the Roma Integration 2020 Initiative.

I would hereby like to inform you the Government of the Republic of Macedonia appointed the minister without portfolio in the Government, Mr. Nezhdet Mustafa, to be the National Roma Contact Point. Mr. Mustafa's long-term experience in the issues related to the Roma integration in the society, especially his contribution to the successful realization of the Roma Decade, gives me the right to believe that Mr. Mustafa will actively participate in the Roma Integration 2020 Initiative Task Force while giving his maximum in the implementation of the initiative. The fact that Mr. Mustafa has been a member of the Government of the Republic of Macedonia for many years, only gives additional value to the operation of the Task Force and guarantees the harmonization of the governmental policies and measures regarding the Roma inclusion.

On such note and with wishes for further successful cooperation, please accept the assurances of my highest consideration.

**Emil DIMITRIEV**

**H.E. Mr. Aivo ORAV**

**Head of the EU Delegation to the Republic of Macedonia**